Врз основа на член 387, 388 и 388а од Законот за трговските друштва, Управниот одбор на **АДИНГ АД Скопје** упатува:

# ЈАВЕН ПОВИК

До акционерите на *Деловен систем **АДИНГ АД** за производство, примена и пласман на хемиски материјали за градежништво и инженеринг работи, Скопје, Новоселски пат бр.11 (1409)*

За учество на собранието на друштвото, кое ќе се одржи на ден **21.05.2015 г**. со почеток во **$14^{00}$ h**, во административната зграда во Скопје на ул. Новоселски пат бр.11(1409) со следниот:

## *Дневен ред*

1. Избор на претседавач на Собранието.
2. Одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на АДИНГ АД Скопје во 2014 година.
3. Одобрување на консолидирана годишна сметка за 2014 година на поврзаните друштва во деловниот систем.
4. Одлучување за распределба на добивка.
5. Одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на надзорниот и управниот одбор.
6. Донесување на одлука за откуп и продажба на сопствени акции.
7. Избор на ревизор за годишната сметка за 2015 година.
8. Избор на независен член на Надзорен одбор на друштвото.

Акционерите кои сакаат да земат учество на собранието треба да се пријават најдоцна пред почетокот на седницата на собранието. Пријавувањето се врши писмено, со доставување во архивата на друштвото или по пошта. Пријавата доставена по пошта мора да пристигне во друштвото најдоцна пред почетокот на седницата на собранието и да биде потпишана од акционерот.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат одлуки по секоја од точките на дневниот ред и можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка или ако предложат одлука по предложената точка.

Барањето за вклучување на точки во дневниот ред и/или предлагањето на одлуки се испраќа до Управниот одбор на друштвото по пошта или се предава непосредно во архивата на друштвото, во рок од осум дена од денот кога е објавен јавниот повик. Во барањето треба да се наведе име и презиме на предлагачите и број на нивната сметка на која се водат акциите во ЦДХВ. Барањето треба да биде потпишано од сите предлагачи.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на собранието на друштвото. Прашањата се испраќаат до Управниот одбор на друштвото, по пошта или се предаваат непосредно во архивата на друштвото. Одговорите ќе бидат достапни на интернет страницата на друштвото **www.ading.com.mk**

Акционерот може со писмено полномошно да овласти лице кое ќе го застапува на собранието. Акционерот треба веднаш писмено да го извести друштвото за секое дадено полномошно. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното. Доставувањето на известувањето се врши лично во архивата на друштвото.

Акционерите кои сакаат електронски да се пријавуваат за учество на собранието и да овластуваат

свои полномошници за гласање на седницата на собранието, треба писмено да го известат друштвото за нивната лична е-маил адреса. Доставувањето на известувањето се врши лично во архивата на друштвото, освен ако на друштвото адресата веќе му е позната. Правните лица кои во Трговскиот регистар имаат регистрирано официјална е-маил адреса нема потреба да доставуваат известување.

Акционерите кои имаат доставено до друштвото нивна лична е-маил адреса, пријавувањето за учество на собранието и известувањето за овластување на полномошник можат да го направат електронски ако го испратат од нивната е-маил адреса на официјалната адреса на друштвото **ading@ading.com.mk.**

Полномошното има важност се до неговото отповикување, но не подолго од две години од денот на неговото давање.

Материјалите за седницата на собранието можат да се разгледуваат во архивата на друштвото секој работен ден до $15^{00}$ h и на интернет страницата **www.ading.com.mk**

***Претседател на Управен одбор***

*/Дончев Благоја, дипл.град.инг/*